РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4657/6
06-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-та седница одржано на ден 01.09. 2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 12-4657/1 од 07.10.2019 година, доставена од подносителот ------------ ------ ---------------------- од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-4657 од 2019 година, во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган во РСМ.

Предметот со број 12-4657 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија, со обрразложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4657 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4657/1 од 07.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од страна на познат подносител, ------------ --------------------------- од ---------. Кон пријавата доставени се неколку дополнувања заведени под архивски број 12-4657/2 од 09.10.2019, 12-4657/3 од 14.10.2019, 12-4657/4 од 22.10.2019 и 12-4657/5 од 07.11.2019 година.

Доставената пријава и дополнувањата се однесуваат на поплака за несовесно и нестручно работење на органи и институции при решавање на проблем кој подносителот го имал со Општина ------------ по однос на имотно правни односи. Во конкретниот случај станува збор за проблем кој подносителот го имал со Општина ---------- за непочитување на имотно правни односи во врска со одземање на дворно место и рушење на ограда, кое тој легално го добил и го платил, а кое Општината сакала да му го одземе за потребите на некој инвеститор која сакал да гради и да надградува згради во -------------.

За предметниот случај бил заведен и спор пред Управен суд, по тужба на подносителот против Општината, од 2012 и 2017 година но, по истите немал одгвор, освен еднаш кога бил известен дека тужбата била неуредна. Исто така, подносителот во 2019 година се обратил и до

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ОЈО Скопје, кое дало налог до СВР Скопје за проверка на пријавените наводи но, според него немало постапување и од овој орган. Истата година, за случајот го известил и Собранието на РСМ, кое му одговориле дека Собранието не ги решава проблемите на граѓаните, на што тој поднел и приговор. Понатаму, подносителот за случајот се обратил и до државната управна инспекција но и од таму немал одговор.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности по кои постапиле други надлежни органи, до кои подносителот веќе се обратил и било постапено од нивна страна (ОЈО и МВР- СВР ), по што оцени дека ДКСК нема елементи надлежно за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК